Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза
НАЦИОНАЛНО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА МС
Бр. 0201-11/6
07.12. 2021 год.
Скопје

Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ број 52/2010, 135/2011 и 55/2016), Собранието на Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза – Национално здружение за МС Скопје, на седницата одржана на ден 11.03.2019 година донесе Статут. Согласно Одлука за измени и дополнувања на Статутот на Националното здружение за помош и поддршка на лица со мултипа склероза – НАЦИОНАЛНО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА МС, број 0201-11/3 од 07.12.2021 година, се утврдува пречистен текст на:

# С Т А Т У Т

на Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза-НАЦИОНАЛНО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА МС- Скопје
/пречистен текст/

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Националното здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза–Национално здружение за МС Скопје е доброволно, непрофитно, невладино и непартиско здружение на граѓани, формирано за остварување, заштита, унапредување и усогласување на правата, потребите и интересите на лицата со мултипла склероза и лицата кои се грижат за нив, како и вршење на дејности и активности со цел подигнување на јавната свест за мултиплата склероза.

**Член 2**

Националното здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза– Национално здружение за МС, Скопје може да врши дејности со кои може да стекне добивка, доколку дејностите се поврзани со целите утврдени со статутот.

Ако во работењето на Здружението се оствари добивка таа ќе биде употребена за остварување на целите утврдени со Статутот.

**Член 3**

Името на здружението на граѓани е:

Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза, НАЦИОНАЛНО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА МС, Скопје

Името на англиски јазик е:

National Association for help and support of people with multiple sclerosis

Скратениот назив на здружението е:

НАЦИОНАЛНО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА МС

Скратениот назив на англиски јазик е:

National Association for MS

Седиштето на здружението е:

ул.Франклин Рузвелт бр.8/37, Скопје

Здружението се организира и делува на целата територија на Републиката.

**Член 4**

Националното здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза, во понатамошниот текст Здружение, има својство на правно лице со права, обврски и одговорности кои произлегуваат од овој Статут и позитивните законски прописи.

Здружението го претставува и застапува Претседателот.

Здружението има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името на Здружението на македонски јазик со кирилично писмо, а на средината стои логото на Здружението.

Штембилот на Здружението е правоаголен со следниот текст:

Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза - НАЦИОНАЛНО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА МС, број на заверка, линија за дата, година и седиште.

Здружението има свој симбол (амблем/лого) кој го содржи скратеното име на здружението, а ќе се употребува од страна и во корист на членовите на здружението.

**Член 5**

Национално здружение за МС во своето дејствување може да соработува со организации, здруженија, сојузи, фондации и институции и да членува во асоцијации во земјата и странство согласно Уставот, Законите и овој Статут.

**Член 6**

Здружението своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со Меѓународните договори, Уставот и законите кои ја регулираат материјата од оваа област и овој Статут.

Во рамките на Здружението се забранува политичко и верско организирање.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО И НАЧИН НА НИВНО ОСТВАРУВАЊЕ

**Член 7**

Основни цели и задачи на здружението се:

- заштита и зајакнување на правата на лицата со мултипла склероза, почитување на нивната личност и достоинство,
- подигнување на свеста кај јавноста за мултипла склероза,
- дејствување во насока на подобрување на квалитетот на живот на лицата со мултипла склероза,
- промоција, унапредување и усовршување на јавното здравје и примена на светските протоколи во дијагностика, третман и следење на лицата болни од мултипла склероза,
- лобирање и дејствување во насока на обезбедување современ и адекватен пристап до високоефикасни лекови, односно ран и адекватен третман со цел одложување, санирање и превенција на инвалидитет кај лицата со мултипла склероза,
- помагање, поддршка, обединување, насочување, едукација и информирање на лицата со мултипла склерозаи нивно адаптирање и интегрирање воопштествениот и социјалниот живот,
- правна, здравствена, економска и социјална помош, и поддршка на лицата со мултипла склероза и нивните семејства;
- давање на примарна правна помош, како бесплатна правна помош согласно закон, при остварувањето и заштитата на слободите и правата на граѓаните.
- делување во насока на унапредување и усовршување наздравствениот, социјалниот ирехабилитациониот систем во согласност со поединечните потреби и способности на лицата со мултипла склероза со цел унапредување на нивното здравје,

- воспоставување редовна комуникација меѓу пациентите, лекарите, здравствените институции, фармацевтските компании и останатите релевантни чинители во областа,
- вршење едукативна, информативна и издавачка дејност,
- континуирано следење на новитетите по однос на научни, теоретски и практични сознанија во областа на медицината и технологијата во земјата и странство кои се однесуваат на мултиплата склероза, како и делување со цел имплементирање на истите,
- поддршка на научно-истражувачката работа преку разни форми на советувања, семинари, симпозиуми, конференции, дијалози во интерес на лицата со мултипла склероза,
- вклучување на лицата со мултипла склероза во образовниот процес и пазарот на труд со остварување на сите нивни права и бенефиции кои се загарантирани и регулирани согласно позитивните законски прописи на нашата држава,
- вклучување на потенцијалните работодавачи во процесот на едукација по однос на бенифициите и стимулациите при вработување на лица со мултипла склероза, а кои се загарантирани согласно позитивните законски прописи,
- помагање на професионален развој и квалификации на стручните и здравствените работници во областа поврзана со профилакса, дијагностиката, лекување и рехабилитација на лицата со мултипла склероза,
- запознавање на општеството со особините, симптомите, профилаксата, дијагностиката, лекувањето и рехабилитацијата на мултиплата склероза, со физиолошките и психолошките последици од неа,
- создавање и одржување на контакти и дијалог меѓу Здружението и органи и институции, организации и здруженија во земјава и странство,
- преземање на мерки за надминување на емоционалните последици од болеста, професионални преквалификации и социјална рехабилитација на лицата со мултипла склероза.

**Член 8**

Здружението своите цели и задачи ги остварува на следниот начин:

- континуирано следење и анализа на националното законодавство, здравството и праксата на земјите членки на ЕУ и активностите на другите меѓународни организации и современи здравствени системи,
- организирање и учество на настани, презентации, симпозиуми, конференции, семинари, обуки, советувања, научни средби, работни сесии, состаноци, работилници, трибини и дебати,
- директно и индиректно дејствување со цел подобрување на квалитетот на животот на лицата со мултипла склероза,
- советувања и консултации на лицата со мултипла склероза и други чинители,
- запознавање на надлежните институции со потребите и проблемите на лицата со мултипла склероза,
- следење и проучување на законската регулатива во насока на иницирање, предлагање и укажување на надлежните органи за донесување, измени и дополнувања на законски и други прописи и решенија,
- поддршка на истражувачки, образовни и други институции, чија дејност е поврзана со целите на Здужението,

- организирање на постојани или привремени информациони центри во земјата и во странство,
- организирање на концерти, изложби и други културни собири.

## ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО, ИСКЛУЧУВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВО

**Член 9**

Член на Национално здружение за МС може да биде секој полнолетен граѓанин, државјанин и/или странец, којшто ги прифаќа програмата и статутот на здружението и доброволно пристапува кон истото со цел да ги поддржи целите и дејствувањата на здружението.

По исклучок од став 1, малолетно лице се зачленува во здружението со давање на потпишана изјава за согласност за зачленување на неговиот законски застапник.

Зачленувањето во здружението се врши преку пополнување на пристапница во електронска форма, по што се издава потврда/известување за членство со која се докажува статусот на член во здружението и истата доставува до членот во електронска форма.

При исклучување или престанок на членството, пристапницата и членската легитимација се враќаат во здружението со потпишување на писмена изјава.

Здружението за своите членови води регистар. Податоците содржани во регистерот се ажурираат најмалку еднаш на две години. Податоците во регистарот се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

**Член 10**

Членството во здружението е доброволно.

Членството во здружение е поделено на:

- Редовен член е секое лице со мултипла склероза или член на неговото семејтво, кое ги исполнува општите услови за членство согласно Статутот и на кое при зачленувањето му се издава членска легитимација чијашто форма и содржина ја утврдува Извршниот одбор на Националното здружение за МС.
- Вонредни членови се:
  а) Малолетните членови до навршени 18 години
  б) поддржувачи
  в) почесни членови
  г) волонтери

Членови на здружението се основачите, сите членови на органите и телата на здружението.

**Член 11**

Членството престанува:

- со потпишување на писмена молба за напуштање на здружението,
- со исклучување согласно одлука на Собранието, во случај на неисполнување на одлуките на управувачките органи на здружението, или не исполнување на обврските кон Здружението, пропишани во член 12 на овој Статут, кои произлегуваат од статусот на член во Здружението.при дејствија кои го нарушуваат угледот на здружението,
- доколку членот неоправдано изостанува од сите состаноци на Здружението во текот на календарската година,
- со смрт на физичкото лице,

- со неплаќање на членарината во пропишаниот период (доколку таква е утврдена со одлука на Собранието чиј износ го определува извршниот одбор),
- при прекинување на постоењето на здружението,
- нереализирање на политиката на здружението,
- несовесно користење на опремата на здружението.

При престанок на членството по било кој основ, членот е должен да ја врати опремата за која е задолжен.

При престанок на членството по било кој основ членот нема право да бара повраток на претходно вложените средства од негова страна.

Одлуката за исклучување од членство ја носи Собранието на здружението,го известува членот за постапката на исклучување и му ја соопштува одлуката.

Исклучувањето одздружението значи дека тој член веќе нема право да врши никакви работи за здружението.

## ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 12

Членовите на здружението имаат право:

Редовните:

- да гласаат на Собрание на здружението,
- да избираат и да бидат избрани за членови на органите на здружението,

Сите:

- да имаат пристап до информации за дејноста на здружението и неговите органи, како и да го изразуваат слободно своето мислење по сите прашања, поврзани со дејноста на здружението,
- да учествуваат во работата на здружението.

Обврски на членот:

- да ги исполнуваат совесно ангажманите кон здружението, особено да присуствува на седници на органите на Здружението во кои е член, или на состаноци и настани на Здружението за кои ќе биде известен, освен од оправдани причини за кои треба извести Здружението
- да ги почитуваат Статутот, Програмата, одлуките, правилниците, решенијата, заклучоците и останатите акти донесени од органите на здружението, како и да работат и делуваат за постигнување на целите на здружението,
- да го чуваат доброто име на Здружението и да ги пропагираат неговите цели,
- редовно да ја плаќаат членарината (доколку е утврдена со Одлука на Собранието).

## ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

### Член 13

Работата на Национално здружение за МС е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на членовите, други здруженија или пошироката јавност за работењето и активностите на здружението, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работа на органите и телата на здружението за материјално – финансиско работење  и друго.

За информирање на членовите и пошироката јавност се користи печатот, радиото, телевизијата, интернет страницата, социјалните интернет мрежи и други форми на информирање.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 14**

Здружението остварува средства од:

- членарина (доколку е утврдена со Одлука на Собранието),
- донации, дотации, доброволни прилози, спонзорства од Републичкиот буџет и буџетот на единиците на локална самоуправа, други невладини организации, трговски друштва и други правни лица од државата и од странство,
- давање на услуги на други здруженија, организации и институции,
- провизии од органи, организации,заедници и од други установи,од трговски друштва и други правни лица,
- од други услуги (имотни права и сл.),
- од други извори предвидени со Закон и Статутот.

**Член 15**

Финансиските средства на здружението се користат за остварување на целите определени со Статутот и Програмата на здружението.

Користење и располагањето со средствата на здружението добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски прописи.

**Член 16**

Националното здружение за МС донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на здружението.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 14 од Статутот, како и расходите за општествената активност, плати на вработените, надоместоци на ангажирани лица, материјали трошоци за работа на Здружението и други расходи поврзани со работата на здружението. Финансискиот план може во секое време да се измени.

## ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 17**

Органи на управување на Национално здружение за МС се:

1. Собрание
2. Извршен одбор
3. Претседател

### Собрание на здружението

**Член 18**

Собранието е највисок орган на здружението.

Собранието на здружението е составено од 9 избрани претставници.

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

**Член 19**

Изборното собрание се свикува при основањето на Здружението.

На изборното собрание се избираат:

- Органи на управување на здружението.

**Член 20**

Седници на Собрание свикува Претседателот на Собранието по сопствена иницијатива.

Седница на Собранието се свикува и по предлог на Извршниот одбор на Здружението или на 1/3 од вкупниот број членови на Собранието.

Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Извршниот одбор или иницијаторите.

**Член 21**

Дневниот ред со материјалите се доставуваат најмалку 5 дена пред одржување на седницата во писмена или електронска форма.

По исклучок, во случај на постоење на потреба од итност во постапувањето, материјалите можат да се доставаат и во рок пократок од пропишаниот во став 1, а за причините што предлагачот ги известува членовите на Собранието.

**Член 22**

Собранието може полноправно да одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.

Секој член има право на еден глас.

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

На Собранието се одлучува со јавно гласање, но по потреба и на предлог од 1/3 од членовите, гласањето може да биде и тајно.

Членовите на Собранието во секое време треба да ги имаат целите и интересите на здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

**Член 23**

Собранието ги врши следните работи:

- донесува Статут на здружението и врши измени и дополнувања на истиот,
- усвојува финансиски план и завршна сметка,
- одлучува за промена на целта на здружувањето,
- одлучува за основање и укинување на огранoци и други облици на организирање на здружението,
- донесува одлука за плаќање на членарина,
- избира Претседател и членови на Извршен одбор,
- по предлог на претседателот избира потпретседател,
- донесува годишна програма за работа на Здружението,
- донесува правилници, одлуки, заклучоци, препораки за регулирање и уредување на прашања од интерес на здружението,
- одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство,
- одлучува за основање на трговски друштва,
- врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите.

**Извршен обор**

**Член 24**

Извршниот Одбор на здружението е Извршен орган на Собранието во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развој на здружението во согласност на Статутот.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 6

Член на Извршниот одбор се иззема од гласање за прашања поврзани со него, со неговиот брачен другар или роднина до втор степен и за прашања кои се однесуваат на некое лице врз кое тој има контрола или економски интерес.

**Член 25**

Извршниот Одбор на Здружението брои три члена.

Мандатот на членовите на Извршниот Одбор трае четири години.

Претседателот на Извршниот Одбор истовремено е и Претседател на Собранието на здружението и Претседател на здружението и тој го претставува и застапува здружението и е наредбодавател и во областа на материјално и финансиско работење на здружението.

**Член 26**

Претседателот на Извршниот одбор ги свикува седниците на Извршниот одбор, предлага дневен ред и ги раководи седниците.

Претседателот е должен да свика седница на Извршниот одбор најмалку два пати годишно, а по потреба повеќе пати или по барање на 2/3 од членовите на Извршниот одбор.

**Член 27**

Извршниот одбор ги врши следниве работи:

- ги подготвува седниците на Собранието, подготвува материјали за седниците на Собранието,
- го подготвува нацрт статутот, предлага измени и дополнување на статутот и ги подготвува другите одлуки што треба да ги донесе Собранието,
- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени на Собранието,
- ги спроведува статутарните и програмските задачи на здружението,
- по потреба формира стручна служба,
- управува и одговара за управувањето со имотот на здружението,
- одлучува за здружување или разделување, поврзување и зачленување во домашни, странски и меѓународни сојузи, организации и здруженија,
- ја одредува висината на членарината доколку таква е утврдена согласно донесена одлука од Собранието,
- предлага и реализира годишна програма за работа,
- донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и склучува договори,
- констатира прием на нови членови и престанок на членување,
- формира постојани и повремени работни тела и комисии и ја насочува нивната работа,
- организира и активно учествува во организирање на разни акции и манифестации,
- доделува одлуки за награди, пофалници, благодарници и признанија,
- дава согласност за набавка и отуѓување на основните средства,
- донесува одлуки по приговори и жалби,
- предлага и спроведува финансиски план и изготвува завршна сметка на здружението,
- одлучува за именување и разрешување на секретар, доколку Здружението има потреба од секретар,
- врши и други работи кои произлегуваат од Статутот на здружението и од Законот.

**Член 28**

Извршниот Одбор за својата работа одговара пред Собранието на здружението.

Членовите на Извршниот одбор во секое време треба да ги имаат целите и интересите на здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

**Претседател**

**Член 29**

Здружението има Претседател, кој воедно е застапник и го претставува истото.

Претседателот на здружението, своите права и должности ги извршува согласно Статутот, актите донесени од Собранието, Законот за здруженија и фондации како и другите позитивни законски прописи.

Во случај на привремена спреченост на Претседателот на здружението, него го заменува потпредседателот.

**Член 30**

Кандидат за Претседател може да предложат најмалку 3 (тројца) членови на Собранието на здружението.

За избран се смета оној кандидат кој добил двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на членови наСобранието.

**Член 31**

Претседателот на здружението ги има следните права, должности и одговорности:

- свикува седници на Собранието и Извршниот одбор,
- ја спроведува политиката на здружението,
- го застапува и претставува здружението,
- го координира функционирањето на здружението
- се грижи за спроведување на одлуките, заклучоците и другите акти на здружението,
- ги потпишува актите на здружението,
- предлага програма за работа на здружението,
- предлага начин и форма на финансирање на здружението,
- предлага потпретседател на здружението, кој го избира собранието,
- врши други работи што ќе му ги довери Собранието, Извршниот одбор или кои произлегуваат од Статутот или Законот.

**Член 32**

Функцијата Претседател на собранието престанува:

- по сопствено барање и
- со разрешување од Собранието на Здружението.

За одговорноста на Претседателот на здружението, одлучува Собранието на здружението, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Собранието, на предлог на најмалку 1/3 од вкупниот број на членови на Собранието.

**Член 33**

За потпретседателот, во случаите кога го заменува Претседателот, важат истите одредби како и за Претседателот.

## ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ДОМАШНИ, СТРАНСКИ И МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈА

**Член 34**

Националното здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза– Национално здружение за МС, може да се поврзува и да членува во домашни, странски и меѓународни организации, сојузи и здруженија кои се од интерес и во согласност со целите и задачите на Здружението.

## НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ, ДОПОЛНУВАЊЕ И ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

**Член 35**

Статутот на здружението се донесува на основачкото Собрание на здружението.

Кога се вршат статусни промени, како промена на називот, седиштето, целите за кои е основано здружението, припојување на здружението кон друго здружение или негова поделба, се утврдува пречистен текст на статутот во кој се опфатени сите промени.

Предлог за измена на Статутот на Здружението може да поднесат Претседателот на Здружението или 1/3 од членовите на Собранието на Здружението, во писмена форма до Собранието, со образложение за потребата од пристапување кон измена на Статутот.

Одлука за измена на Статутот на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број на членовите на Собранието.

Измени и дополнување на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

Статутот влегува во сила соденот на неговото донесување, односно по уписот на здружението во Централниот регистар.

## НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА СТАТУСНИ ПРОМЕНИ И ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 36**

Здружението се формира на неопределено време, но може и да престане, односно да биде избришано од регистарот и тоа:

- кога за тоа со 2/3 мнозинство ќе одлучи Собранието на здружението,
- со статусна измена која предвидува престанок на здружението,
- бројот на членовите се намали под бројот определен со законот,
- ако настапат причини утврдени по член 63 од Законот за здруженија и фондации,
- одлука за престанок на здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство,
- основачите на Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза - НАЦИОНАЛНО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА МС - Скопје имаат право да го укинат здружението.

**Член 37**

Во случај на престанок на Националното здружение за помош и поддршка на лицата со мултипла склероза – Национално здружение за МС - Скопје, имотот и средствата на здружението останувааат во сопственост на основачите.

## ДРУГИ ПРАШАЊА УТВРДЕНИ СО ЗАКОН

**Член 38**

За сите прашања кои не се регулирани со овој Статут, се применуваат одредбите од Законот за здруженија и фондации.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 39**

Толкување на одредбите на овој Статут дава Собранието на здружението, а помеѓу две Собранија, Извршниот одбор на здружението.

**Член 40**

Овој Статут влегува во сила од денот на неговото донесување.

Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза
Национално здружение за МС

Претседател
Ана Карајанова - Димитрушева